Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма Г1 - локален економски развој со потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Ввода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата Г1 - локален економски развој со потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Ввода за 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/6
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34 став 1 точка 8 од Статутот на општина Кисела Вода (Службен гласник на општина Кисела Вода бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**Г1 - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ СО**
**ПОТПРОГРАМА ГД0 – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
**НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СОДРЖИНА**

1. План на активности

2. Динамика на извршување на активностите во Програмата

3. Преодни и завршни одредби

**1.ПЛАН НА АКТИВНОСТИ** (со опис на активноста и потребни финансиски средства за реализирање на истата)

- **Финансиско учество од страна на општината во предлог проекти**

Подготовка на проекти е дел од активностите на Секторот за локален економски развој. Проектите се подготвуваат во соработка со другите сектори во општината, а по однос на објавени јавни повици .
Согласно објавените јавни повици, најчесто е потребно и кофинансирање од страна на општината и тоа со одреден процент на финансиски средства наменети за реализација на проектот. Ваквите јавни повици не се однапред познати и поради тоа не постои можност за нивно детално образложение.
Вкупно средства : 4.000.000,00 денари

- **Изготвување на Програма за Енергетска Ефикасност (** ПЕЕ **) за општина Кисела Вода за период 2024 – 2026**

Согласно Законот за енергетика секоја локална самоуправа потребно е да спроведе среднорочно и долгорочно енергетско планирање, како основа за развојот на општината, а со цел зачувување на животната средина, како и намалување на енергетската зависност.
.Дефинирањето на целите на ПЕЕ потребно е да се направи во согласност со надлежностите на општината од областа на енергетската ефикасност.

Вкупно средства : 200.000,00 денари

- **Проект “Општинско - корисна работа” во соработка со УНДП**

Овој проект има цел за да овозможи работно ангажирање на невработени лица од областа на образованието, социјалната заштита и заштита на деца на определено време согласно условите дефинирани од страна на УНДП и Агенцијата за вработување, како носители на проектот.

Вкупно средства : 2.500.000,00 денари

- **Финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на територија на општина Кисела Вода**

Мерката за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода се спроведува согласно Правилник за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода.
Мерката се реализира по објавен јавен повик, а критериумите и условите се дефинирани во горенаведениот Правилник.
Вкупно средства: 600.000,00 денари

- **Сертификација на општината за бизнис пријателско опкружување BFC**

Програмата за сертификација на општината за бизнис пријателско опкружување BFC ќе обезбеди јасни насоки за унапредување на административните перформанси, зголемување на нивото на квалитет и ефикасност на услуги наменети за приватниот сектор, а локалното стопанство го рангира по конкурентност на регионално и меѓународно ниво. Со реализација на програмата општината ќе ја унапреди својата административна подготвеност за обезбедување и спроведување на квалитетни услуги, привлекување на нови домашни и странски инвестиции, а со тоа и создавање можности за нови вработувања. Програмата се спроведува преку ЗЕЛС кој е акредитиран технички секретаријат за сертификација на општината за бизнис пријателско опкружување BFC .
Сертификатот со кој општината ќе се стекне по спроведување на програмата е со важност од три години.

Вкупно средства: 550.000,00 денари

**ПОТПРОГРАМА ГДО – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

- Проектирање и поставување на фотоволтаици на основните училишта во општина Кисела Вода
  Вкупно средства : 4.000.000,00 денари
- Проектирање и поставување на фотоволтаици на јавните детски градинки во општина Кисела Вода
  Вкупно средства : 4.000.000,00 денари
- Енергетска обнова на ПОУ "Рајко Жинзифов", населба Пинтија
  Вкупно средства : 7.200.000,00 денари
- Кофинансирање од страна на општината за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради на територија на општина Кисела Вода
  Вкупно средства : 1.000.000,00 денари
- Кофинансирање од страна на општината за набавка на печки на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода
  Вкупно средства: 500.000,00 денари
- Кофинансирање за набавка на пелети (како огрев) за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода
  Вкупно средства: 1.200.000,00 денари
- Енергетски менаџмент на системот за греење
  Вкупно средства : 36.000,00 денари

## 2. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од техничките услови, како и приливот на средства во буџетот на општина Кисела Вода.

## 3. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на општина Кисела Вода и Секторот за локален економски развој.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/8
27 декември 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.